# ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

# „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“ - ВЕЛЕС

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

**Велес, 2023 година**

**СОДРЖИНА**

**I. Сили за заштита и спасување**

**А. Сили за заштита и спасување, одговорни лица и тимови за спасување и заштита од редот на вработените, со преглед на персоналниот состав на истите**

**Б. Подготвеност на силите за заштита и спасување**

**В. Мобилизација на силите за заштита и спасување**

**Г. Ангажирање на силите за заштита и спасување**

**II. Превентивни мерки за заштита и спасување**

**А. Превентивни мерки за заштита од пожари**

**Б. Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини**

**В. Превентивни мерки за евакуација**

**Г. Превентивни мерки за прва медицинска помош**

**III. Оперативни мерки за заштита и спасување (оперативен план)**

**А. Заштита и спасување од пожари**

**Б. Заштита и спасување од урнатини**

**В. Евакуација**

**Г. Прва медицинска помош**

**IV. Оперативни мерки за за заштита и спасување надвор од работното време**

**V. Преглед на активности од планот за заштита и спасување**

**VI. Анализа на извршените активности**

**VII. Известување на надлежните служби за настан**

**VIII. Препорака за намалување на ризиците**

**IX. Прилози**

**а.Графички прилози**

**б.Одлуки и наредби**

**в.Списоци – прегледи**

**г.Упатство за гасење на пожари**

**X. Ажурирање на планот**

# ПЛАН
# за заштита и спасување и спасување од природни непогоди и други несреќи на ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес

## Вовед

Поради карактеристиките на конструкцијата и ентерното уредување, намената и функцијата на објектот, ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес припаѓа на редот на загрозените објекти од природни непогоди и други несреќи, но загрозувањето и опасносностите се скоро незначителни.

Анализата на проценетите опасности по објектот и луѓето сепак упатуваат на два вида на загрозувања и опасносности со ограничен обем, за кои треба да се планира и организира заштита и спасување и тоа:

- загрозување од уривање на објектот
- загрозување од пожари

Имајќи ја во предвид апсолвираната оценка во Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на објектот на ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, во планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи се обработува токму овој вид на заштита и спасување, а следствено на тоа и мерките кои ги пратат овие загрозувања – евакуација и прва медицинска помош.

Начинот на проценување на опасностите во случај на природни непогоди,епидемии и други несреќи се заснива на реални процени на можната загрозеност на вработените, објектите и инфраструктурата при што се поаѓа од најтешките варијанти и можни предвидувања за природни непогоди епидемии и други несреќи, можностите за примена на мерките за заштита, расположивите сили за спасување на вработените и материјалните добра, како и отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии и други несреќи.

## I. Сили за заштита и спасување

За реализирање на заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи во ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес се назначени одоговорни лица и формирани тимови од вработените.

### А. Одлука за назначување на одговорни лица и формирање на тимови за спасување и заштита

А.1 Преглед на назначени одговорни лица - персонален состав

А.2 Преглед на тимови за спасување и заштита – персоначен состав

## Б. Подготвеност на тимовите за заштита и спасување

Подигнувањето на степенот на подготвеност на силите за заштита и спасување (одговрните лица и тимовите) и одржувањето на потребното ниво ќе се спроведува во три степени и тоа:

***Во првиот степен на загрозеност:*** се ажурира Планот за заштита и спасување, во делот на персонален состав на силите за заштита и спасување, се проверува исправноста и употребливоста на материјално – техничките средства со кои располагаат, се ажурираат списоците за повикување, се проверуваат врските со општинските структури и републичките сили за заштита и спасување и во зависност од процената се превземаат и други мерки и активности.

***Во вториот степен на загрозеност:*** покрај превземените мерки дефинирани за првиот степен на загрозеност, припадниците на силите за заштита и спасување како и одговорните лица, се задолжуваат да бидат постојано достапни во случај на потреба да бидат повикани, се засилува контролата и претпазливоста во просториите во кои се чуваат опасни материи и лесно запаливи течности, како и контролата во другите простории од витално значење за дејноста на објектот, материјално – техничките средства се доведуваат до степен на потполна подготвеност за употреба, се проверуваат инсталациите во објектот, се засилува контролата на влез и излез во објектот и во зависност од проценката се превземаат и други мерки и активности.

***Во третиот степен на загрозеност***: покрај мерките и активностите во првиот и вториот степен на загрозеност, се врши мобилизација на силите за заштита и спасување, се превземаат конкретни мерки и активности во насока на постигнување на целосна интервентна подготвеност, се воспоставува постојана врска со интервентните и други соодветни служби и институции воОпштината.По потреба се превземаат и други мерки и активности.

## В. Мобилизација на силите за заштита и спасување

Мобилизација на штабот и единицата за заштита и спасување и на вработените во ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес, се врши со одлука и по наредба на директорот.

Мобилизација се извршува според планот за мобилизација во кој е утврден начинот на повикување на припадниците на штабот и единицата како и на вработените и тоа во работно и вон работно време.

За поефикасно извршување на мобилизацијата во ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес, се определуваат одговорни лица од редот на вработените кои се прикажани во следниот преглед:

**Список на вработени одговорни за мобилизација**

| Р.бр. | Име и презиме | Контакт телефон | Адреса |
|---|---|---|---|
| 1. | Дене Јакимовски | 075 294 015 | Ул. Благој Ѓорев бр. 221 Б2 30 |
| 2. | Методија Бузалковски | 075 294 011 | |
| 3. | Петре Манев | 072 230 911 | Ул. Питу Гули бр.5 |
| 4. | Злате Петрески | 076 359 009 | Ул. Кукушка бр. 29 |

### Г. Ангажирање на тимот за заштита и спасување

Тимовите за заштита и спасување и одговорните лица на одредени активности се ангажираат во услови на природни и други несреќи или заради обука и вежби.Ангажирањето се врши со одлука и наредба на директорот.

За извршувањето на задачите за заптита и спасување, во зависност од природата и големината на несреќата, може да се ангажира само дел или целиот состав на тимовите за заштита и спасување како и одговорните лица.Во зависност од потребите и обемот на задачите за кои се зангажираат, како помош може да се ангажираат и останатите вработени според овој план.

## II. Превевентивни мерки за заштита и спасување

Со цел да намалат ризиците за настанување на последици од проценетите опасности, потребно е да се извршат повеќе активности преку кои заштитата и спасувањето ќе ги постигне со закон утврдените норми.

### А. Превентивни мерки за заштита од пожари

Во делот на заштита од пожари потребно е да се ажурира правилникот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.Мерките кои ќе се утврдат во правилникот треба да се реализираат во разумно возможни рокови.

Во тој контекст, посебно потребно е да се реализираат следните активности:

- да се изврши пожарно секторирање на објектот, заради спречување на проширувањето на пожарот од еден во друг дел;
- да се обезбеди потребната опрема(ПП апарати и стабилни системи) за гаснење на пожари според утврдените норми и стандарди и истата да се постави на видно место достапна на ракувачите;
- да се постави на видно место непосредно до опремата и средствата за гаснење на пожари, упатство за гаснење на пожари;
- да се врши редовна контрола, одржување и сервисирање на опремата и средствата за гаснење на пожари(противпожарни апарати) и да се монтираат противпожарни хидранти;
- да се стави во функција и редовно контролира, одржува и сервисира системот за дојава на пожар;
- да се врши редовно одржување и контролирање на електричната инсталација и електричните потрошувачи и да се поставаат прекинувачи за далечинско исклучување на електричната енергија;
- да се преиспита громобранското заземјување;
- пристапните патишта до објектот и околу објектот, секогаш да бидат слободни;
- да се определат одговорни лица за протипожарна заштита за секоја просторна целина или пожарен сектор и
- да се изврши опремување на просторот и обука на одговорните лица за заштита од пожар и на вработените за постапката и начинот за гаснење на пожари.

### Б. Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини

Покрај примената за мерките од уривање, потребно е да се изврши и дополнително испитување на стабилноста и издржливоста на носечките конструктивни елементи и ако се укаже потреба за дополнително зајакнување на конструктивните елементи, тоа да се стори.

Да се изврши опремување и обука на одговорните лица за заштита од урнатини и на вработените за начинот за спасувањето на затрупаните и за однесувањето како затрупан.

Да се определат одговорни  лица за спасување од урнатини за секоја просторна целина.

Да се постават на видно место потребни комплети за заштита и спасување.

### В. Превентивни мерки за евакуација

Правците за евакуационите просторни целини да се означат видно на подовите и со соодветни светлечки патокази на зидовите.Излезите и премините секогаш да бидат слободни.

Во евакуационите просторни целини да се постават на видно обележани места прирачни аптеки и заштитни маски со посебни цедила за гасови кои се производ на горење или адекватни аспиратори.

За справување со потенцијалните опасности и успешно извршување на евакуацијата да се определат одговорни лица за секоја просторна целина.

Покрај усменото пренесување на наредбата за евакуација, истата да се врши и со соодветни звучни сирени-звончиња.

Да се обележат и соодветно се подготват местата во кои ќе се врши евакуација.

Одговорните лица и членовите на екипите да се оспособат – обучат за извршување на обврските од овој план.

### Г. Превентивни мерки за прва медицинска помош

Да се определат одговорни лица за прва медицинска помош за секоја просторна целина.

Да се изврши опремување и обука на одговорните лица и вработените за давање на прва медицинска помош.

Во загрозените просторни целини да се постават на видни места ормари за прва помош (комплет), со потребнатасанитетска опрема.

## III. Оперативни мерки за заштита и спасување (оперативен план)

Во случај на настанување на опасности и последици од природните непогоди и други несреќи, извршувањето на активностите во заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра во објектот на ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес, ќе се одвива според овој план кој ги разработува секоја мерка посебно и заеднички во корелација со другите мерки за заштита и спасување.

## А.Заштита и спасување од пожари

Во случај на забележана непосредна опасност или појава на пожар, заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра ќе се одвива по следниот редослед:

**А-1 Активности на одговорното лице на звучен аларм**

На звучниот аларм (вклучен е дојавувачот на пожар) одговорните лица веднаш прават увид на просторт за кој се задолжени. Одговорното лице во чиј простор е настанат пожарот веднаш го известува директорот на местото, обемот и потребата од ангажирање на надворешни учесници и започнува со гаснење на пожарот.По сопствена оценка, во гаснењето ги ангажира и делод вработените.

Во случај, дојавувачот на пожар да несе вклучи (нема звучен сигнал), лицето (вработениот) кој прв ќе го примети пожарот, повикува гласно „ПОЖАР“ и отпочнува со гаснење на пожарот со употреба на опремата која се наоѓа во опожареното место.

Останатите вработени кои се во опожарениот дел се вклучуваат во гаснењето на пожарот.

**А-2 Процена напожарот**

Веднаш по звучниот аларм или добиеното известување, Директорот на училиштето и одговорното лице (заедно или поединечно) вршат проценка на пожарот
(вид, обем, можности за ширење, можности за спречување на ширење, потребен персонал и техника, потреба од исклучување на електрична енергија, евакуација на учениците и вработените и сл.) и одлучуваат за натамошниот тек на гаснење на пожарот, заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра.

**А-3 Повикување на ТПП единица - Велес**

По извршената процена и одлуката за натамошно гаснење на пожарот Директорот на ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес (или одговорното лице – дежурниот работник) ја повикува противпожарната единица на Општина Велес и наредува на обезбедувањето да ги расчистат приодите до објектот, за да се овозможи непречен пристап на возилата за интервенции.

**А-4 Гаснење на пожарот од вработените – одговорните лица за заштита и спасување**

До пристигнување на противпожарната единица, одговорните лица за заштита и спасување од пожари, тимовите за заштита и спасување и вработените во објектот се вклучуваат во гаснењето на пожарот.

Се исклучува електричната струја на целиот објект или само на опожарениот дел.

Доколку постојат можности, дел од вработените ја изнесуваат канцелариската опрема и материјал на пооддалечено место од опожареното, за да се намали можноста за ширење на пожарот.Приоритет се дава на материјалите кои се високо пожарно оптоварени.

Ако е наредена евакуација, учениците и вработените се евакуираат според планот за евакуација.

До пристигнувањето на противпожарната единица, со активностите раководи директорот преку одговорните лица за заштита и спасување.

**А-5 Гаснење на пожарот од ТППЕ (ПП единица од Велес)**

По пристигнувањето, противпожарната бригада отпочнува (продолжува) со гасењето на пожарот според сопствени утврдени стандардни оперативни процедури и раководи со натамошните активности за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

По сопствената оценка, командирот на професионалната противпожарна единица ќе го задолжи одговорното лице да побара дополнителна помош од градоначалникот на општината или дирекцијата за заштита и спасување и да отпочне со евакуација на луѓето и материјалните добра.Приоритет во евакуација на материјалните добра ќе се даде на архивата и електрониката во која се внесени базата на податоци и надгледните помагала.

Доколку оцени за потребно, командирот на професионалната протипожарна единица ќе забрани движење во загрозена просторна целина или во одреден нејзин дел, соцел зголемување на безбедноста на луѓето.

**А-6 Барање на помош**

По сопствена проценка или на барање на командирот на противпожарната единица, одговорното лице бара дополнителна помош од Градоначалникот на Општина Велес.Во барањето ги прецизира потребите од персонални и материјални ресурси.

По нивното пристигнување, тие веднаш се вклучуваат во гасењето на пожарот на простор и задачи што ќе и ги определи командирот на противпожарната единица.

Доколку и дополнително ангажираните ресурси не се доволни за елиминирање на опасноностите и последиците, преку Градоначалникот се бара ангажирање на материјални и персонални ресурси на Дирекцијата за заштита и спасување.

Во зависност од видот на видот и специјалностите на ангажираните сили за заштита и спасување на ДЗС, тие се ангажираат на задачи за кои се наменети.Со вклучувањето на силите за заштита и спасување, раководењето го превзема одговорното лице од дирекцијата за заштита и спасување.

**А-7 Ангажирање на одговорните лица и вработените во текот на гаснењето на пожарот кога се вклучени надворешни учесници**

За време на ангажирањето на професионалната противпожарна заштита и силите за заштита и спасување на дирекција за заштита и спасување и вработените во ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес се ангажираат на задачи кои тие ќе им ги определат, првенствено како помош за создавање на услови за непречени и ефикасни интервенции.

**А-8 Расчистување на опожарено место и санација**

Санацијата на објектите ќе се врши после гаснењето на пожарот и завршеното спасување на луѓето и материјалните добра и по отстранување на ризиците (причините) кои нема да предизвикаат дополнителни опасности и последици.

Ако оштетувањата се мали и незначителни, расчистувањето на оштетениот дел на објектот и негово подготвување за натамошна работа, ќе го вршат вработените.Во оваа активност посебно внимание ќе се посвети на проверката на исправноста на електронските системи и нивно оспособување за продолжување со работа.

После интервенцијата, противпожарните апарати задолжително треба да се испратат на сервис.(полнење на истите).

По извршеното расчистување на опожарените делови, доколку е можно да се продолжи со работа – настава, наредба ќе издаде Директорот на ОСУ„Јовче Тесличков“ – Велес.

Во случај штетите да се големи и бараат сложени и подолготрајни интервенции, санацијата ќе ја вршат специјализирани дирми, а оштетениот дел од објектот целиот ќе се забрани за користење.

**Список на одговорни лица за заштита од пожари**

| Р.бр | Име и презиме | Контакт телефон | Адреса |
|---|---|---|---|
| 1 | Дене Јакимовски | 075 294 015 | Ул. Благој Ѓорев бр. 221 Б2 30 |
| 2 | Методија Бузалковски | 075 294 011 | |
| 3 | Петре Манев | 072 230 911 | Ул. Питу Гули бр. 5 |
| 4 | Горанче Секуловски | 070 224 593 | Ул. 8-ма велешка бригада бр. 18 |

## Б. Заштита и спасување од урнатини

Доколку објектот е делумно или целосно разрушен ќе се отпочне со спасување на вработените од урнатините

**Б-1 Извршување на спасувањето од урнатините**

Во случај објектот или дел од него да биде урнат (независно од причините), заштитата и спасувањето на учениците и вработените ќе се одвива по следниот редослед:

-напуштање на објектот

-извидување на урнатината

-пребарување – пронаоѓање на затрупаните

- осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање

-превземање на мерки за дополнителни опасности

-извлекување на затрупаните

-давање на прва медицинска помош

-извлекување на материјалните добра и

-извлекување на лешевите и др.

**а. Напуштање на објектот**

Во овој случај учениците и вработените кои не се затрупани и може сами да се извлечат, со брза реакција и блиску до скалите го напуштаат објектот во рок од 2-5 минути, а постарите лица и повредените остануваат во објектот, засолнети во близина на армирано бетонски (АБ) греди и столбови.

Во исто време со брза реакција, одговорните лица (ако не се затрупани или повредени) или други вработени ја исклучуваат електричната енергија и ја затвораат водоводната инсталација и централното греење.

Самоевакуираните ученици и вработени се собираат во евакуационото прифатилиште.

**б. Извидување на урнатината**

Веднаш по запирање на процесот на уривање (првично консолидирање на урнатината) одговорното лице за спасување од урнатини визуелно од надворешната страна ги утврдува елементите на урнатината(вид на урнатина, проодноста до неа, можен број на лица кои се останати во урнатината и сл.), приоритетите и опасните места, местата затрупани со луѓе и ги проценува можностите за настанување на дополнителни последици и опасности, доколку тие веќе не се настанати, а кои го попречуваат или отежнуваат спасувањето.

По добивањето на бројот на лицата кои го напуштиле објектот од одговорното лице за евакуација, одговорното лице за спасување од урнатините заедно со другите задолжени лица, влегуваат во зградата и ја набљудуваат состојбата, а потоа воспоставуваат контакт со преживеаните и со вработените кои останале во објектот.

На основа на извршеното извидување се утврдува натамошниот тек на спасувањето.

**в. Пребарување на урнатината (пронаоѓање на затрупаните)**

Урнатината се пребарува внимателно слој по слој.Се применуваат полуги и разни дигалки со користење на сите безбедносни мерки при подигање и поместување на елементите.

Пронаоѓање на плитко затрупаните лица.

За длабоко затрупаните лица и посложени урнатини се повикуваат специјализирани сили за спасување од урнатини на Општина Велес и на дирекцијата за заштита и спасување.

**г. Осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектот заради спречување на дополнително уривање**

Доколку постои опасност за дополнително уривање на оштетените и поместените делови на објектот, конструкцијата на објектот ќе се осигура со одредени градежни зафати, според проценетите потреби.Осигурувањето на објектот ќе го извршат стручни аспекти.

**д. Превземање на мерки од дополнителни опасности**

Во текот на спасувањето доколку настанат или се очекува да настанат дополнителни опасности, ќе се постапува според видот и обемот на опасностите и тоа:

-ако има густа прашина ќе се врши внимателно полевање со водена магла, а во случај тоа да не е можно спасителите мора да носат респиратори за прашина и чад.Во вакви услови се бара помош од специјализирани единици на општината и дирекцијата за заштита и спасување;

- доколку има пожар се пристапува кон гасење на пожарот, а потоа се врши спасување на затрупаните.Спасителите мора да внимаваат на високата температура, а поради чадот и недостаток на кислород, мора да носат заштитни средства.Во овој случај интервенциите во гасењето се насочуваат и кон отстранувањето на опасностите кои ги загрозуваат животот на натрупаните (висока температура, чадот, недостаток на кислород и сл.);

- ако урнатината во која се очекува да има затрупани се полни со вода, се пронаоѓаат местата од каде истекува водата и тие итно се затвораат и се пристапува кон црпење на водата.За ова е потребно да се бара помош од специјализирани екипи.

**ѓ. Извлекување на затрупаните**

Извлекување на затрупаните се врши веднаш по нивното пронаоѓање при што им се дава потребната медицинска помош, а потоа во зависност од нивната состојба (видот на повредите) се носат или се упатуваат сами во санитетското прифатилиште.

Најпрво се извлекуваат плитко и видливо затрупаните, а потоа средно и длабоко затрупаните.

За извлекување на длабоко затрупаните и зтрупаните во тешко пристапни делови ќе се повикаат специјализирани екипи на општината и дирекцијата за заштита и спасување.

**е. Давање напрва медицинска помош**

Прва медицинска помош на полесно повредените лица (затрупани и останати во објектот, со опекотини или загушени и сл.) ќе им се укажува според планот за прва медисинска помош.

**ж. Извлекување на материјални добра**

Ако урнатината ги зтрупала материјалните добра кои се неопходни во работниот односно наставниот процес или постои опасност од дополнително уривање на објектот, се пристапува кон извлекување на материјалните добра(архива, техника, електроника, канцелариски намештај и сл.). Извлечените материјални добра се складираат во неурнати делови од објектот а потоа се носат во безбедносни простории.

**з. Извлекување на лешевите**

Доколку во текот на спасувањето на затрупаните се наиде на лешеви, тие видно се обележуваат и по завршување на спасувањето, се извлекуваат и носат во предвиденото место за лешеви во еден дел од дворот на најмалу 15 метри оддалеченост од евентуалното прифатилиште.

За идентификација и погреб на загинатите, се бара ангажирање на специјализирани единици на Општината или дирекцијата за заштита спасување.

**Б-2 Расчистување на урнатината**

Паралелно со спасувањето ќе се врши и отстранување на пребараните пластови рачно или со примена на разни дигалки и кранови.Отстранувањето на паднатите елементи ќе се врши со рамномерно вертикално дигање, во никој случај со хоризонтално извлекување.Оваа активност ќе ја вршат вработените заедно со специјализирани единици на општината и дирекцијата за заштита и спасување.

**Б-3 Згрижување на настраданите лица**

Тешко повредените лица ќе се транспортираат до Општата градска болница Велес.
Лесно повредените се вклучуваат во спасувањето или се упатуваат во своите домови.

**Б-4 Санација на објектот**

Санацијата на објектот ќе се врши после отстранувањето на опасностите и после извршеното сапсување на луѓе и материјални добра од урнатините.Санацијата ќе ја вршат специјакизирани фирми за санација на објекти.

**Список на одговорните лица за спасување од урнатините**

| Ред. бр. | Име и презиме | Контакт телефон | Адреса |
|---|---|---|---|
| 1 | Петре Манев | 072 230 911 | Ул. Питу Гули бр.5 |
| 2 | Злате Петрески | 076 359 009 | Ул. Кукушка бр. 29 |
| 3 | Златко Гуцев | 076 280 840 | Ул. Никола Карев бр.3-2/15 |
| 4 | Љубенчо Ристов | 078 859 411 | Ул. Живко Фирфов бр. 16 |

## В. Евакуација

Доколку настанатите или очекуваните опасности, го загрозуваат животот и здравјето на учениците и вработените. Ќе се нареди нивна евакуација.

**В-1 Извршување на евакуацијата**

**а. Издавање на наредба**

Спроведувањето на евакуацијата започнува со усмена наредба или преку звучен сигнал.На предлог за евакуација на одговорното лице или по сопствена оценка, наредбата ја издава директорот.

Наредбата на одговорното лицесе пренесува усмено или со звучен сигнал преку сирени – звончиња.

Наредбата преку звончињата се обавува со ѕвонење два пати по 10 секунди и пауза помеѓу звонењата од 5 секунди.

**б. Време потребно за евакуација**

Во зависност од видот на опасноста заради која се наредува евакуација и функционалноста на излезите од евакуационите просторни целини, потребното време за евакуација е од 5 до 10 минути.

Ако некој од евакуационите излези се попречени, во тој случај евакуацијата се пренасочува кон слободните евакуациони излези, поради времето за евакуација се згоелмува за дополнителни 3 до 6 минути.

**в. Правци за движење**

За време на извршувањето на евакуацијата на вработените (напуштањето на евакуационите простори) е прикажана на гарафички прилози – основи, на кои се вцртани евакуационите патеки и евакуационите излези и правците на движење до евакуационото прифатилиште.

**г. Активности во евакуационата просторна целина**

За време на извршувањето на евакуацијата, вработените во евакуационата просторна целина ги извршуваат следните работи:

г-1. Ги исклучуваат уредите и апаратите од електричната мрежа и ја напуштаат работната просторија редоследно според близината на работните места до евакуациониот излез по обележаната патека;

г-2. Доколку евакуациониот излез не е во функција постапуваат според упатствата на одговорното лице и посебно ги обавуваат следните активности:

-помагаат во отстранувањето на пречките

-доколку има повредени им даваат прва медицинска помош

-доколку во просторијата има видни опсности, се ангажираат во интервенциите за нивно отстранување или спречување на нивно ширење, се со цел создавање на можности за извршување на евакуација

-по потреба употребуваат заштитни средства

г-3. По напуштање на работната просторија одговорното лице врши проверка и по потреба ја исклучува струјата од главната склопка.

**д. Прифаќање и активности во евакуационото прифатилиште**

Прифаќање на евакуираните ученици и вработени во евакуационото прифатилиште, го врши одговорното лице.

Заради безбедност и заштита на учениците и вработените, евакуационото прифатилипте се обележува со трака по должината на предната граница или на друг соодветен начин.

Одговорното лице од евакуираните вработени по сопствена проценка ангажира 3-5 лица, кои ќе се грижат за редот и безбедноста.

